Уп. бр. 08-69

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирано седиште на Едисонштрасе 1, 4600 Велс, Австрија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 17.05.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирана адреса на Едисонштрасе 1, 4600 Велс, Австрија, над ЛЕОНИ АГ со регистрирана адреса на Мариенштрасе 7, 90402, Нирнберг, Германија, преку купување на акции од страна на структура за стекнување составена од субјекти во сопственост и под контрола над г.Штефан Пирер, државјанин на Република Австрија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.04.2023 година, а дополнето ан ден 25.04.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирана адреса на Едисонштрасе 1, 4600 Велс, Австрија, со која Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ ќе стекне самостојна контрола над ЛЕОНИ АГ со регистрирана адреса на Мариенштрасе 7, 90402, Нирнберг, Германија, преку купување на акции од страна на структура за стекнување составена од субјекти во сопственост и под контрола над г.Шетфан Пирер, државјанин на Република Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото

го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ** е друштво основано од г. Штефан Пирер со цел да се спроведе трансакцијата.

Деловните активности на г. Пирер се држани од Пирер Концернгезелшафт мбХ, кое пак ги поседува сите акции во ПИРЕР Индустри АГ, глобална инвестициска групација активна во производството и дистрибуцијата на мотоцикли, електрични велосипеди, како и делови за моторни возила на две тркала.

Преку ПИРЕР Мобилити АГ, ПИРЕР Индустри АГ е активно во производството и дистрибуцијата на моторцикли, електрични велосипеди, како и делови за моторни возила на две тркала.

ПИРЕР Моблити АГ нуди широк избор на брендови, вклучувајќи брендови на моторцикли со перформанси како што се KTM, Husqvarna Motorcycles и GASGAS. ПИРЕР Мобилити развива сеопфатен асортиман на производи за е-мопеди и велосипеди преку брендовите Husqvarna E-Bicycles, GASGAS Bicycles, FELT Bicycles и R Raymon, произведува компоненти под брендот WP и произведува и дистрибуира спортски автомобили преку својот оддел KTM X-BOW.

Пирер нема регистрирано присуство во Северна Македонија, но има остварено приходи во 2022 година во Северна Македонија преку негово зависно друштво, преку продажба на моторцикли.

-**ЛЕОНИ АГ** е глобален обезбедувач на производи, решенија и услуги за управување со енергија и податоци во автомобилската индустрија. Синџирот на вредност се движи од стандардизирани кабли и специјални кабли и податоци, до високо сложени жичени системи и сродни компоненти, од развој до производство.

Деловното работење на ЛЕОНИ АГ е поделено на два оддели, одделот за решенија за жици и кабли и одделот за жични системи., генерално, бил поделен на три деловни групи: автомобилски кабелски решенија, жичени производи и услуги и индустриски решенија. Секоја деловна група била составена од различни зависни друштва.

ЛЕОНИ АГ нема регистрирано присуство во Северна Македонија, сепак, остварило приходи во 2022 година во Северна Македонија преку свое регистрирано зависно друштво преку обезбедување на автомобилски кабелски решенија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**